Државен грб на Република Албанија

**РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА**
**Совет на министри**

# ОДЛУКА

**бр. 341 од 8.4.2009 год.**

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ПРАВНИ ДОКУМЕНТИ ОД СТРАНА НА ДРЖАВНИОТ ОРГАН ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗОТ НА СУБЈЕКТИТЕ ВКЛУЧЕНИ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ТРАНСФЕР НА ВОЕНИ СТОКИ И СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА НАМЕНА

Во согласност со став 2 од член 100 од Уставот и член 38 од Законот бр.9707 од 5.4.2007 год. „за државна контрола на увоз-извоз на воени стоки и стоки и технологии со двојна намена“, на предлог на министерот за одбрана, Советот на министри донесе

## ОДЛУКА:

1. Начинот на одредување на надоместот за издавање на правни документи на субјектите вклучени во меѓународниот трансфер на стоки и технологии со двојна намена, според Прилог бр. 1, е во прилог на оваа Одлука.

2. Начинот на одредување на надоместот за издавање на правни документи на субјектите вклучени во меѓународниот трансфер на воени стоки, според Прилог бр. 2, е во прилог на оваа Одлука.

3. Министерството за одбрана и државниот орган за контрола на извозот се обврзани за спроведување на оваа Одлука. Одлуката влегува во сила по нејзиното објавување во „Службен весник“.

**ПРЕМИЕР**

своерачен потпис

**САЛИ БЕРИША**

Министер за одбрана

ГАЗМЕНД ОКЕТА

своерачен потпис

## ПРИЛОГ БР. 1

Надоместоци за издавање на правни документи на субјекти вклучени во меѓународниот трансфер на стоки и технологии со **двојна намена**:

| Услуга | Надомест во „леки“ |
|---|---|
| 1. Издавање на меѓународен сертификат за увоз | 100 |
| 2. Издавање на сертификат за краен корисник | 100 |
| 3. Издавање на сертификат за царинска декларација | 100 |
| 4. Издавање на сертификат за дистрибуција | 100 |
| 5. Издавање на овластување за привремен увоз, извоз на стока | 100 |
| 6. Издавање на овластување за стока наменета за земји кои подлежат на санкции | 100 |
| 7. Издавање на лиценца за една употреба (1 година) за увоз, извоз, транзит, прекугранична пратка и брокерство | 3,000 |
| 8. Издавање на општа лиценца (3 години) за увоз, извоз, транзит, прекугранична пратка и брокерство | 6,000 |
| 9. Издавање на лиценца без ограничувања (3 години) за увоз, извоз, транзит, прекугранична пратка и брокерство | 6,000 |
| 10. Бришење на субјектите од регистарот | 100 |
| 11. Издавање на дупликат од потврдата за регистрација или дозвола/овластување | 100 |
| 12. Издавање на извод за еден податок од регистарот | 100 |
| 13. Издавање на копија од горенаведените документи | 100 |
| 14. Секоја друга активност која е предвидена со закон, но тука не е наведена | 100 |

## ПРИЛОГ БР. 2

Надоместоци за издавање на правни документи на субјекти вклучени во меѓународниот трансфер на воени стоки и технологии:

| **Услуга** | **Надомест во „леки“** |
|---|---|
| 1. Издавање на потврда за регистрација | 3,000 |
| 2. Издавање на меѓународен сертификат за увоз | 100 |
| 3. Издавање на сертификат за краен корисник | 100 |
| 4. Издавање на сертификат за царинска декларација | 100 |
| 5. Издавање на сертификат за дистрибуција | 100 |
| 6. Издавање на овластување за привремен увоз, извоз на стока | 100 |
| 7. Издавање на овластување за стока наменета за земји кои подлежат на санкции | 100 |
| 8. Издавање на овластување за водење на преговори околу потпишување на странски економски договор/спогодба за воена стока | 100 |
| 9. Издавање на лиценца за една употреба (1 година) за увоз, извоз, транзит, прекугранична пратка и брокерство | 6,000 |
| 10. Издавање на општа лиценца (3 години) за увоз, извоз, транзит, прекугранична пратка и брокерство | 10,000 |
| 11. Издавање на лиценца без ограничувања (3 години) за увоз, извоз, транзит, прекугранична пратка и брокерство | 10,000 |
| 12. Бришење на субјектите од регистарот | 100 |
| 13. Издавање на дупликат од потврдата за регистрација или дозвола/овластување | 100 |
| 14. Издавање на извод за еден податок од регистарот | 100 |
| 15. Издавање на копија од горенаведените документи | 100 |
| 16. Секоја друга активност која е предвидена со закон, но тука не е наведена | 100 |

ДЕЛОВОДЕН БРОЈ 1170/1
ДАТУМ 16.4.2009 год.

До
ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
ПАРЛАМЕНТОТ
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА
ДРЖАВЕН ОРГАН ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗОТ

**Ѓерѓ Лежа**
**Генерален секретар**